Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - втор квартал 2019 година -

## Резиме

- **Бруто домашниот производ** во К-2-2019 во однос на истиот квартал од 2018 година забележа раст од 3,1% на реална основа. Економскиот раст е на широка основа, во услови на позитивни остварувања кај речиси сите дејности;
- **Бројот на вработени** во К-2-2019 е повисок за 5,2% во однос на истиот квартал од 2018 година. **Бројот на невработени** се намали за 16,9%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-2-2019 на 17,5%;
- Просечната **бруто-плата** во К-2-2019 изнесува 37.252 денари и бележи раст од 4,8% на номинална основа, односно раст од 3,6% на реална основа, споредено со бруто-платата во К-2-2018;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-2-2019 се повисоки за 5,9%, а вкупните **буџетски расходи** за 10,8% споредено со истиот квартал од 2018 година;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2019, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 1,2% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2019 се зголеми за 2,3% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-2-2019 бележи раст од 1,8% на квартална основа;
- Во К-2-2019 е забележан раст на **извозот на стоки** од 11,3% и на **увозот на стоки** од 10,8% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 11,0%;

# Содржина:

1. Економска активност....3
2. Пазар на работна сила....5
3. Јавни финансии....6
3.1. Буџетски приходи според економската класификација....6
3.2. Приходи по буџетски корисници....7
3.3. Буџетски расходи според економската класификација....8
3.4. Расходи по буџетски корисници....9
3.5. Буџетски дефицит и државен долг....11
4. Инфлација и монетарни движења....11
5. Надворешен сектор....14
5.1. Надворешнотрговска размена....14
5.2. Платен биланс....16

# 1. Економска активност

**Бруто-домашниот производ** (БДП) во К-2-2019 во однос на истиот квартал од 2018 година забележа реален раст од 3,1%, по растот од 4,1% во првиот квартал, со што економскиот раст во првото полугодие изнесува 3,6% (Графикон 1.1).

Графикон 1.1. Годишен раст на реалниот БДП (%)




Извор: Државен завод за статистика

**Анализирано по дејности**, економскиот раст во К-2-2019 се должи на позитивните остварувања кај повеќето дејности, а е најмногу резултат на активноста во **услужниот сектор**, каде што е забележан реален раст од 3,3%, што се должи, пред сè, на зголемената активност во дејноста Трговија, транспорт и угостителство од 7,5%. Во рамки на услужниот сектор раст забележаа и следните дејности: Стручни, научни, технички и административни дејности од 3,6%, Јавна управа и одбрана, образование и здравство од 3,5%, Дејности во врска со недвижен имот од 2,3% и Финансиски и дејности на осигурување од 0,2%. Пад на активноста има кај дејностите Информации и комуникации и Уметност, забава, рекреација и останати услуги од 4,6% и 0,2% соодветно.

Поволните движења во **градежниот сектор** продолжија во К-2-2019, но со нешто послаба динамика во однос на претходниот квартал, односно беше забележан реален раст од 2,8%. Согласно месечните податоци за извршени градежни работи, ваквото остварување се должи на растот на градежната активност во сегментот висоградба, додека активноста во делот нискоградба забележа пад.

**Земјоделската дејност** во К-2-2019 забележа реален раст од 3,9%. Растот во **индустрискиот сектор** продолжи со забавено темпо во К-2-2019 и изнесуваше 0,5% на реална основа, во услови на пад во преработувачката индустрија од 2,1% (Графикон 1.2), додека рударството и снабдувањето со електрична енергија, согласно месечните податоци, имаа позитивен придонес врз растот на индустриското производство. Падот во **преработувачката индустрија** е

Графикон 1.2. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

најмногу резултат на намаленото производство на фабрикувани метални производи, на прехранбени производи, на облека и на метали. Од друга страна, најголем позитивен придонес имаа производството на машини и уреди, на електрична опрема, на фармацевтски производи и препарати и на текстил.

Анализирано според **расходната страна на БДП**, растот на економската активност во К-2-2019 е резултат на растот на домашната побарувачка, при раст и на потрошувачката и на бруто-инвестициите, додека нето-извозот имаше негативен придонес врз економскиот раст, во услови на висок раст и на извозот и на увозот.

Реалниот раст на **бруто-инвестициите** продолжи со посилен интензитет во К-2-2019 и изнесува 11,1% (Графикон 1.3), што делумно се должи на растот на инвестициите во градежни работи, а во одредена мера и на инвестициите во машини и опрема во услови на раст на увозот на капитални производи.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Потрошувачката** забележа реален раст од 2,7%, главно како резултат на приватната потрошувачка, која порасна за 3,1%, што во најголем дел се должи на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на вработеноста и платите во економијата, поддржана и од зголеменото кредитирање на домаќинствата. Јавната потрошувачка забележа раст од 1,2% на реална основа.

**Извозот** на стоки и услуги забележа раст од 10,6% на реална основа, главно како резултат на извозот на капацитетите во слободните економски зони, поддржан и од солидните остварувања на извозот на прехранбени производи. **Увозот** на стоки и услуги забележа раст од 10,9% на реална основа, во услови на раст на инвестициите и извозот, а придвижен од увозот на интермедијарни производи.

# 2. Пазар на работна сила

Во К-2-2019 е забележано продолжување на позитивните движења на пазарот на работна сила, така што според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е повисок за 5,2%, односно за 39,2 илјади лица во однос на истиот квартал од 2018 година, а најголем раст на вработеноста има во услужниот сектор (36,6 илјади или 9,3%), по што следуваат индустријата (12,1 илјада или 6,8%) и градежништвото (782 или 1,4%). Во земјоделскиот сектор е забележано намалување на вработеноста за 9,3 илјади лица или 7,6%.

Графикон 2.1. Број на вработени и стапка на невработеност




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според економскиот статус, зголемување на вработеноста има кај вработените лица (приматели на плата) од 53,1 илјада или 9,3% и кај работодавачите од 235 или 0,8%, додека пад бележи бројот на семејните работници од 4,9 илјади или 10,3% и бројот на вработени за сопствена сметка од 9,3 илјади или 8,6%. **Стапката на вработеност** во К-2-2019 изнесува 47,1% и во однос на истиот квартал од 2018 година е повисока за 2,2 п.п..

Растот на вработеноста е придружен со пад на **бројот на невработени**, којшто е намален за 34,2 илјади лица, односно за 16,9% во однос на истиот квартал од 2018 година. Овие движења предизвикаа **стапката на невработеност** во К-2-2019 да се намали на 17,5%, односно за 3,6 п.п. во споредба со истиот квартал од 2018 година, а во однос на претходниот квартал истата е пониска за 0,3 п.п. (Графикон 2.1).

Гледано по возрасни групи,, невработеноста е намалена кај сите групи, а намалувањето е најзначајно кај старосната група од 15 до 24 години и истото изнесува 28,0%. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена кај машкото население (за 6,2 п.п.), која изнесува 15,5%, и е пониска за 4,8 п.п. од невработеноста кај жените, која е зголемена за 0,1 п.п. и изнесува 20,3%.

**Бројот на активно население** е зголемен за 5,0 илјади лица, односно за 0,5% на годишна основа. Активното население во К-2-2019 сочинува 57,1% од вкупното работоспособно население и е зголемено за 0,2 п.п. во споредба со истиот квартал од 2018 година.

Просечната месечна **нето-плата** во К-2-2019 изнесува 25.087 денари и е повисока за 3,6% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2018 година, додека на реална основа, нето-платата регистрира зголемување од 2,4%. Просечната месечна **бруто-плата** во К-2-2019 изнесува 37.252 денара и

бележи раст од 4,8% на номинална основа, односно раст од 3,6% на реална основа (Графикон 2.2).

**Продуктивноста на трудот** во К-2-2019 бележи намалување за 2,0%, што е последица на повисокиот раст на вработеноста од растот на производството.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните буџетски приходи во К-2-2019 учествуваат со 30,2% во кварталниот БДП и се повисоки за 5,9% споредено со истиот квартал од 2018 година, што се должи на повисоката реализација на социјалните придонеси за 10,2% и на неданочните приходи за 82,3%, додека даночните приходи се намалија за 3,3%. Притоа, кај даночните приходи беше забележана пониска наплата кај данокот на додадена вредност и кај данокот на добивка, додека персоналниот данок на доход, акцизите, приходите од царински давачки и приходите од други даноци забележаа зголемување.

Наплатата на индиректните даноци во К-2-2019 е зголемена за 0,6%, а кај директните даноци е забележано намалување од 13,1% во однос на К-2-2018. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, приходите од директни даноци го намалија своето учество во БДП за 0,8 п.п., односно од 5,5% од кварталниот БДП во К-2-2018 на 4,7% во К-2-2019, додека учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-2-2019 изнесува 11,4% и е пониско за 0,2 п.п. во однос на К-2-2018.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К2
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 42,4% од вкупните даночни приходи во К-2-2019, и се пониски за 4,8% споредено со истиот квартал минатата година. Во структурата на данокот на додадена

вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2018 година, приходите од акцизи се повисоки за 11,7%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 19,7%, а кај приходите од данокот на добивка намалување од 38,4% во однос на истиот квартал претходната година, што се должи на намалената наплата по основ на месечни аконтации, даночни биланси и задржан данок платен на странски правни лица.

Наплатата на **социјалните придонеси** беше повисока за 10,2%, така што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 10,9%, кај придонесите за здравствено осигурување од 9,1% и кај придонесите за вработување од 8,4%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 3,0% од кварталниот БДП, во К-2-2019 беа реализирани за 82,3% повеќе во однос на истиот квартал од 2018 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-2-2019 беа пониски за 50,1% на годишна основа. Приходите по основ на донации од странство забележаа зголемување за 57,4%.

## 3.2. Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку **Министерството за финансии – функции на државата**[1] и во К-2-2019 изнесуваат 35.037 милиони денари, односно 90,5% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 22,0% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи, кои претставуваат 79,5% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, така што нивната наплата во К-2-2019 изнесуваше 23,4% од годишниот план. Средствата по основ на домашно задолжување изнесуваат 5.125

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

милиони денари, што претставува 14,6% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е **Министерството за транспорт и врски**, кое оствари приходи во износ од 1.178 милиони денари, односно 3,0% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, а речиси целосно претставуваат задолжување во странство.

**Министерството за образование и наука** оствари приходи кои изнесуваат 874 милиони денари, што претставува 2,3% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,2% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

Во однос на **буџетските фондови**, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кои во К-2-2019 изнесуваат 30.793 милиони денари и претставуваат 24,5% од годишниот план на Фондот.

## 3.3. Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните буџетски расходи во К-2-2019, со учество од 32,5% во кварталниот БДП, забележаа повисока реализација за 10,8% споредено со истиот квартал од 2018 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 30,3% од кварталниот БДП, имаат учество од 93,2% во вкупните расходи и беа реализирани за 8,2% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа раст од 20,4%, а расходите за плати и надоместоци од 5,5% во однос на истиот квартал од 2018 година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 71,0% во вкупните расходи, беа реализирани за 7,6% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 7,8% и учествуваа со 51,1% во вкупните расходи. Расходите за пензии, кои сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 9,0% и забележаа учество од 31,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесуваа 19,2% и истите забележаа зголемување од 6,8% споредено со вториот квартал од 2018 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 6,2%, а субвенциите и трансферите се зголемени за 7,5%.

Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 0,5% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа намалување од 4,7%, а каматните расходи по

надворешниот долг се зголемени за 7,4%.

**Капиталните расходи**, кои претставуваат 2,2% од кварталниот БДП, се реализирани за 64,6% повеќе споредено со истиот квартал од 2018 година и оствари ја учество од 6,8% во вкупните расходи.

## 3.4. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници[2], чиј вкупен годишен буџет претставува околу 81% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-2-2019 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Министерството за труд и социјална политика** во К-2-2019 реализираше 11.011 милиони денари или 24,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 7.700 милиони денари или 25,4% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 22,0% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 23,7% (2.428 милиони денари) од планираните за 2019 година.

Во вториот квартал од 2019 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[3] реализирани се 6.601 милион денари, што претставува 19,7% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 65,9% отпаѓаат на отплата на главнина,

[2] Податоците се неконсолидирани и ги вклучуваат и одливите на средства.

[3] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

за што се потрошени 4.348 милиони денари, односно 26,6% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 12,0% од вкупните расходи, за што се реализирани 793 милиони денари или 8,8% од планираното.

**Министерството за образование и наука** во К-2-2019 изврши буџетски средства во износ од 6.133 милиони денари, што е 23,5% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (58,2%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 3.569 милиони денари или 24,8% од вкупно планираните средства. Стоки и услуги се втора најзначајна ставка со учество од 16,3%, за што се потрошени 1.002 милиона денари, односно 24,1% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во К-2-2019, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** реализираше средства во износ од 3.051 милион денари, што претставува 35,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 93,5% во вкупните расходи, реализирани се 41,7% од планираните средства.

Во вториот квартал од 2019 година од страна на **Министерството за внатрешни работи** реализирани се вкупно 2.650 милиони денари, што претставува 24,0% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 74,0%, за што се потрошени 1.960 милиони денари или 25,5% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,4%, за што се реализирани 435 милиони денари или 22,0% од годишниот план.

**Министерството за одбрана** во К-2-2019 изврши буџетски средства во износ од 1.821 милион денари, што е 21,9% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 52,8%, за што се реализирани 962 милиона денари, што претставува 24,2% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 19,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 353 милиони денари, односно 17,8% од вкупно предвидените.

**Министерството за транспорт и врски** во вториот квартал од 2019 година реализираше средства во износ од 1.710 милиони денари, што е 23,5% од вкупниот буџет за тековната година. Капиталните расходи во вкупниот буџет на овој корисник имаат доминантно учество од 85,6% и за оваа намена извршени се средства во износ од 1.464 милиони денари, односно 23,9% од планираното.

**Министерството за здравство** во вториот квартал од 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 1.316 милиони денари, што е 20,3% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 54,7%, за што се потрошени


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 591
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.5/9-5
издание 5
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

720 милиони денари или 25,1% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 38,0% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 500 милиони денари, односно 21,8% од вкупно предвидените.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

## 3.5. Буџетски дефицит и државен долг

Во вториот квартал од 2019 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 3.837 милиони денари или 2,3% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 3.931 милион денари, односно 2,4% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-2-2019 изнесува 38,4% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 0,2 п.п. во однос на К-1-2019. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-1-2019 е намалено за 0,8 п.п. и изнесува 61,1%. Учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено за 0,8 п.п. и изнесува 38,9% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

# 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2019 изнесува 1,2% на годишна основа, и е непроменета во споредба со К-1-2019.

Растот на потрошувачките цени во К-2-2019 е резултат на зголемените цени во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,5%, Здравје од 2,9%, Рекреација и култура од 2,5%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,8%, Ресторани и хотели и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 1,3% и Транспорт од 0,3%.

Пад на цените во К-2-2019 е регистриран во категориите: Комуникации од 1,7%, Облека и обувки од 0,8%, Образование и Останати стоки и услуги од по 0,5%, и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Во вториот квартал[4] од 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа **основната каматна стапка** на 2,25%, откако во првиот квартал ја намали за 0,25 п.п. како резултат на континуираните поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во јуни 2019 година изнесуваше 0,3% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[5] во К-2-2019 регистрираа раст на квартална основа од 6,7% (во претходниот квартал беше регистриран пад од 19,3%), како резултат на зголемувањето на вкупната ликвидност на банките за 11,8% и на готовите пари во оптек за 3,0%. Во однос на К-2-2018, примарните пари се зголемија за 10,1% (во К-1-2019 беше регистриран раст од 6,8%), во услови на раст на готовите пари во оптек од 11,2% и раст на вкупната ликвидност на банките од 8,7%.

Во К-2-2019, најтесната парична маса М1[6] забележа зголемување од 4,7% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 2,3%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 2,0%.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[7] на банките во К-2-2019 се зголеми за 2,3% на квартална основа, по растот од 0,7% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 3,6%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 1,7%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 4,0%, а девизните депозити регистрираа пад од 0,2%. Степенот на евроизација е намален за 1,0 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 39,7%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

[4] Податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

[5] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[6] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[7] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-2-2019 се намали за 0,3 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 27,8% (во К-1-2019 изнесуваше 28,1%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 0,2%.

**Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-2-2019 забележа квартално зголемување од 1,8% (во претходниот квартал забележа раст од 0,8%), во услови на пораст на кредитите кон домаќинствата од 3,4%, додека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,4%.

Од валутен аспект, денарските и девизните кредити во К-2-2019, споредено со претходниот квартал, се зголемија за 1,4% и 2,5%, соодветно. Според рочноста, долгорочните кредити во К-2-2019 во однос на претходниот квартал бележат раст од 2,3%, а краткорочните кредити се намалија за 1,7%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Каматната стапка**[8] на денарските кредити во К-2-2019 изнесува 5,67% и е намалена за 0,08 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-2-2019 изнесува 4,65% и е намалена за 0,05 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на денарските депозити во К-2-2019 изнесува 1,94% и регистрираше пад од 0,01 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,80% и е непроменета во однос на претходниот квартал. Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2019 изнесува 5,0%, а на новоодобрените девизни кредити 4,2%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,5% и 0,8%, соодветно.

[8] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-2-2019 изнесува 3.717,8 милиони евра и бележи раст од 11,0% во однос на истиот квартал од 2018 година.

**Извозот на стоки** во К-2-2019 изнесува 1.623,6 милиони евра и во однос на К-2-2018 бележи раст од 11,3%, додека во однос на претходниот квартал раст од 5,8%.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-2-2019 во однос на истиот квартал од 2018 година се забележуваат кај секторите:

- хемиските производи за 23,4% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата хемиски материи и производи за 71,2 милиона евра или 26,6%);
- машини и транспортни уреди за 9,0% (индустриски машини и делови за 36,1 милион евра или 24,0% и електрични машини, апарати и делови за 20,5 милиони евра или 9,2%);
- пијалаци и тутун за 28,5% (тутун и производи од тутун за 13,9 милиони евра или 37,7%);
- производи за храна за 22,0% (овошје и зеленчук за 8,4 милиони евра или 19,7%);
- разни готови производи за 2,8% (мебел и негови делови, постелнина и сл. производи, душеци, носачи на душеци, перници и сл. полнети производи за 6,8 милиони евра или 10,8%);
- суровини освен гориво за 1,8% (сирово ѓубриво и минерали (без јаглен, нафта, скапоцени камења) за 3,9 милиони евра или 27,3%) и
- животински и растителни масла за 63,6% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,3 милиони евра или 74,4%).

Негативно придвижување кај извозот се забележува само кај секторот производи класирани по материјалот за 3,5% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата железо и челик за 6,6 милиони евра или 4,4%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2019 раст на извозот е забележан кај следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 81,6 милиони евра или 11,7%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 44,5 милиони евра или 20,2%;
- храна и пијалаци за 20,3 милиони евра или 19,3%;
- горива и мазива за 12,7 милиони евра или 72,2% и
- стоки за широка потрошувачка за 6,6 милиони евра или 3,7%.

Намалување на извозот е забележано само кај транспортна опрема за 0,9 милиони евра или 0,4%.

**Увозот на стоки** во К-2-2019 изнесува 2.094,1 милион евра и е зголемен за 10,8% во однос на К-2-2018, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 5,2%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, позитивно придвижување на увозот во К-2-2019 во однос на К-2-2018 се забележува кај секторите:

- производи класирани по материјалот за 14,8% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата обоени метали за 102,4 милиони евра или 44,0%);
- минерални горива и мазива за 12,9% (нафта и производи од нафта за 18,4 милиони евра или 13,8% и електрична енергија за 8,2 милиона евра или 35,4%);
- машини и транспортни уреди за 6,2% (електрични машини, апарати и делови за 12,4 милиони евра или 6,9% и машини специјализирани за одредени индустрии за 4,8 милиони евра или 12,7%);
- хемиски производи за 12,3% (неогрански хемиски производи за 11,8 милиони евра или за 73,3%; медицински и фармацевтски производи за 9,3 милиони евра или за 25,5% );
- суровини освен гориво за 23,9% (метална руда и отпадоци од метал за 11,9 милиони евра или 42,0%);
- разни готови производи за 2,1% (мебел и негови делови, постелнина и сл. производи, душеци, носачи на душеци, перници и сл. полнети производи за 3,6 милиони евра или 19,2%);
- производи за храна за 6,7% (млечни производи и јајца за 2,3 милиони евра или 13,4% и жита и преработки од жита за 1,8 милиони евра или 8,8%) и
- пијалаци и тутун за 0,3% (пијалаци за 1,5 милиони евра или 14,3%).

Негативно придвижување кај извозот се забележува само кај секторот животински и растителни масла за 7,0% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 0,9 милиони евра или 8,2%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2019 раст на увозот е забележан кај сите групи производи и тоа:

- стоки за индустриски набавки за 138,6 милиони евра или 14,2%;
- горива и мазива за 22,1 милион евра или 12,7%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 13,6 милиони евра или 5,0%;

- храна и пијалаци за 12,0 милиони евра или 7,1%;
- транспортна опрема за 10,1 милион евра или 8,6% и
- стоки за широка потрошувачка за 7,6 милиони евра или 4,1%.

Надворешнотрговската размена на Република Северна Македонија со Европската Унија (ЕУ 28) во К-2-2019 е зголемена за 12,9% во однос на К-2-2018, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 72,2% и е зголемено за 0,5 п.п. споредено со вториот квартал од 2018 година. Притоа, во К-2-2019 извозот на стоки учествува со 80,6%, а увозот на стоки со 65,6%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2019




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-2-2019 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 39,4 милиони евра, што претставува 1,5% од кварталниот БДП, наспроти суфицитот од 23,9 милиони евра, односно 0,9% од БДП забележан во истиот квартал од 2018 година.

Анализирано по компоненти, дефицитот на тековната сметка во К-2-2019 споредено со суфицитот во истиот квартал од претходната година е последица на продлабочувањето на дефицитот на сметката на стоки за 6,7% и на сметката на примарен доход за

Графикон 5.3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

0,1%, како и намалувањето на позитивното салдо на сметката на услуги за 16,2% и на сметката на секундарен доход за 4,0%.

Во К-2-2019 **трговскиот дефицит** на годишно ниво е зголемен за 27,3 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е проширен за 0,6 п.п. на годишна основа, односно изнесува 16,1%.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-2-2019 изнесува 97,9 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2018 година е намален за 18,9 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-2-2019 изнесува 139,1% од кварталниот БДП и во однос на К-2-2018 е зголемена за 8,8 п.п..

Графикон 5.4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Сметката на **примарен доход** во К-2-2019 забележа дефицит од 111,3 милиони евра и истиот е проширен за 0,1 милион евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-2-2019 изнесува 407,9 милиони евра и на годишно ниво е намален за 16,9 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на приватните трансфери за 14,5 милиони евра, а кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 99,9%. Официјалните трансфери се намалени за 2,5 милиони евра.

Салдото на **капиталната сметка** во К-2-2019 изнесува 0,1 милион евра и во однос на истиот квартал од минатата година е намалено за 0,1 милион евра, што во целост се должи на намалениот прилив на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-2-2019 изнесуваат 6,1 милион евра и во однос на К-2-2018 година се намалени за 71,5 милиони евра. Намалувањето произлегува од одливот по основ на должнички инструменти (55,3 милиони евра), додека по основ на сопственички капитал и реинвестирање на добивката е регистриран прилив (61,4 милиони евра).

Графикон 5.5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-2-2019 изнесуваат 18,3 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2018 година се зголемени за 16,8 милиони евра. **Останатите инвестиции** во К-2-2019 се негативни и изнесуваат 84,6 милиони


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

евра. Во рамки на оваа категорија сите компоненти имаат негативно салдо и тоа: валути и депозити од 30,0 милиони евра, заеми од 25,6 милиони евра и трговски кредити и аванси од 28,7 милиони евра.

**Девизните резерви** на крајот на вториот квартал од 2019 година изнесуваат 2,9 милијарди евра и во однос на К-2-2018 се зголемени за 10,8%. Девизните резерви на крајот на К-2-2019 обезбедуваат 4,3-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.